ЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ **МАКЕДОНИЈА**
Скопје - Виена Иншуренс Груп

# УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПРАТКИ ВО ДОМАШЕН ТРАНСПОРТ

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на Друштвото на 98-та редовна седница одржана на 10.02.2016 година со одлука бр.02-1297/3-22 со примена од 15.02.2016 година.

Лектор Кристина Велевска

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

Предмет на осигурување според овие Услови за осигурување на пратки во домашен транспорт, се сите или договорените карго пратки кои претставуват предмет на трговска дејност на осигуреникот и се превезуваат со сопствени, или туѓи превозни средства во границите на Р. Македонија со домашен товарен лист, договор или испратница.

## ПЕРИОД НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 2**

Осигурувањето се договара за времетраење од 12 месеци, или доколку поинаку не е договорено.

## ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ

**Член 3**

Осигурителното покритие, согласно член 1 од овие услови, ги опфаќа сите штети од физичка загуба или оштетување на стоките кои се продаваат, купуваат или кои се користат во бизнисот на осигуреникот за време на транспорт.

Осигуреникот може да избере едно од долу наведените осигурителни покритија дадени во пакет и тоа:

- ПАКЕТ /А/, за сите пратки превезувани на територијата на Р. Македонија или
- ПАКЕТ /Б/, именувани и наброени ризици во полисата за сите пратки превезувани на територијата на Р. Македонија.

## ОСИГУРЕНИ РИЗИЦИ

**Член 4**

Загуба или оштетување на стока за време на транспорт, директно предизвикана од некој од следниве осигурани настани:

**ПАКЕТ /А/**

1. пожар;
2. експлозија;
3. виша сила (поплава, гром, луња, снежна лавина, лизгање на земјиште)
4. судар на возило за превоз со некој надворешен објект;
5. сообраќајна незгода, (превртување, свиткување на половина или исфрлање од колосек на друмски превозни средства);
6. сообраќајна незгода со нешто што не е на, или дел од превозно средство;
7. судар, кршење или присилно слетување на воздушно превозно средство;
8. делумна кражна и кражба на целата пратка;
9. штети при натовар и истовар на пратката.

**ПАКЕТ /Б/**

1. пожар;
2. експлозија;
3. сообраќајна незгода, (превртување, свиткување на половина или исфрлање од колосек на друмски превозни средства);
4. судар на возило за превоз со некој надворешен објект.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ОСИГУРЕНИ ТРОШОЦИ

**Член 5**

Ако не е посебно договорено со осигуреникот, осигурувачот нема да плати повеќе од 500 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Р. Македонија за:

- трошоци за расчистување и отстранување на остатоците од местото на незгода, каде што осигуреникот е законски или договорно обврзан да ги плати тие трошоци;
- трошоци за транспорт и расчистување, оправдано направени во просториите на осигуреникот, после испорака

или враќање на спасената стока и плус трошоци за транспорт и расчистување за отстранување на оваа стока и трошоци за уништување на остатоците;

- трошоци за секоја дополнителна возарина, или за спасување на стоката кои осигуреникот ги направил за отстранување на стоката од секое место на незгода, вклучувајќи го и трошокот за транспорт за испорака на стоката до крајната дестинација или за враќање на стоката до местото од кое истата била испратена;

- оправдани трошоци настанати за избегнување, или минимизирање за секаква понатамошна загуба или оштетување на стоката.

## ИСКЛУЧЕНИ РИЗИЦИ ОД ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 6

Осигурувачот не е во обврска на осигуреникот да му исплати надомест и трошоци за штета за загуба или оштетување на стоката:

1. која постоела или настанала пред започнување на транспортот;
2. предизвикана од демонтирање, монтажа, процена, тестирање, или складирање, освен во редовен тек на транспортот;
3. која е резултат на механичко, електрично или електронско прекинување или погрешно функционирање каде што нема надворешен доказ за штета во транзит од еден осигурен настан;
4. поради лоша намера или груба небрежност на осигуреникот;
5. од вообичаено испарување и редовна загуба во тежината;
6. поради природни својства или внатрешни мани на стоката (како рѓа, кало, испарување и др.);
7. ако за превоз на пратката користел несоодветно возило или контејнер или недоволно и несоодветно пакување/амбалажа (вклучено и редење на стоката во контејнерот);
8. за непревземање на посебни мерки во врска со превоз на предмети кои во јавниот превоз го пречекоруваат пропишаниот габарит;
9. за неправилна или неточна декларација на стоката;
10. за штети плативи од одговорност на превозникот;
11. од воени и политички настани, штрајк и штети од штрајкувачи, терористи или било кои лица кои дејствуваат со политички намери.

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 7

Максималниот лимит на осигурување, согласно овие Услови е 25.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Р. Македонија по една пратка на денот на издавање на полисата.

Со осигуреникот може да се договори и помал лимит на осигурително покритие зависно од потребите во работењето.

Сума на осигурување на секоја поединена пратка е нејзината фактурна вредност со можност на зголемување до 10% по основ дополнителни трошоци.

Сумата на осигурување во полисата е лимит по еден штетен настан, а не вкупната вредност на сите превози во текот на целата година;

Секоја пратка со поголема вредност од лимитот утврден во полисата, осигуреникот е должен да ја пријави на осигурувачот пред започнување на превозот. За такви пратки осигурувачот има право да одреди посебни услови и премиски стапки и издава посебна поединечна полиса.

## ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРЕМИЈА

### Член 8

Основица за пресметка на премијата согласно член 1 и 3 од овие Услови се договара со осигуреникот и може да биде:

- остварениот промет во минатата деловна година или
- планираниот промет во тековната година на сите, или договорените пратки кои патуваат на ризик на осигурениот.

Вредноста на прометот се прикажува во полисата во денари.

Остварениот, т.е. планираниот промет, се утврдува по пат на аналитичка евиденција за сите или договорените карго пратки кои патуваат на ризик на осигуреникот и се превезуваат со сопствени или туѓи превозни средства во границите на Р. Македонија со домашен товарен лист, договор или испратница, доколку поинаку не се договори.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

### Член 9

1. Осигуреникот е во обврска, најдоцна до 10 - ти во секој тековен месец, да даде писмен извештај за остварениот промет во изминатиот месец, со точни податоци за вредноста на сите пратки кои ги превезувал согласно фактурите при набавка и продажба, или други официјални документи, доколку поинаку не е договорено

2. Осигуреникот е во обврска, по завршување на деловната година т.е. периодот на осигурување во полисата, писмено, на осигурувачот да достави конечни податоци од периодичната или годишната сметка, за извршениот транспорт/промет, со цел за конечна пресметка на премијата за осигурување, доколку поинаку не е договорено.

3. Осигуреникот е должен секоја штета над договорениот лимит на франшиза во полисата, да ја пријави на осигурувачот на најбрз можен начин (телефон, факс, и др.) за да се организира навремен извид и процена на висината на штетата.

4. Осигуреникот е должен оштетените стоки да ги смести во соодветни простории во зависност од природата на стоките, со претходна согласност од осигурувачот.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 10

1. Осигурувачот има право да врши увид во деловните книги и евиденцијата на осигуреникот со цел да се увери во вистинитоста на дадените податоци потребни за пресметување на премијата, а особено во случај на штета.

2. Ако со контрола осигурувачот констатира дека осигуреникот намерно го прикрива извршениот промет, тој има право да го откаже осигурувањето, или да исплати сразмерен дел на штетата.

3. Осигурувачот има право да го раскине осигурањето во случај на неприкажување на објективни околности (објективни околности се оние околности кои може да се очекува да имат влијание на оценката на осигурувачот при прием во осигурување);

4. Осигурувачот е должен конечните податоци за транспортот кои ќе ги добие од осигуреникот да ги чува како деловна тајна.

5. Во случај на делумно, или целосно уништување на пратката, осигурувачот има обврска да ја надомести штетата заедно со другите трошоци во висина до сумата на осигурување во полисата.

## ПРИЈАВА И ИСПЛАТА НА ШТЕТА

### Член 11

За остварување на правото на надомест на штета, осигуреникот е должен на осигурувачот во оригинал да му ги приложи следните документи:

- пријава за штета на стока во транспорт и барање за надомест на штета;
- полиса за осигурување;
- товарен лист;
- испратница и фактура за пратката;
- записник од извршениот увид и процена на штетата од проценителот на осигурувачот, или некоја независна контролна куќа;
- изјава од возачот за причината за настанување на штетата;
- записник од полиција (за сообраќајна незгода, кражба и

др.);
- други документи и кореспонденција потребни за утврдување на основата и висината на штетата.

Осигурувачот е должен по комплетирање на оштетното побарување, да ја реши и исплати штетата во рок од 15 дена.

**ФРАНШИЗА**

**Член 12**

Осигуреникот учествува со задолжителна франшиза од минимум 100 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Р. Македонија, во секој штетен настан, доколку поинаку не е договорено.

Износот на франшизата се договара со осигуреникот и е прикажан во полисата.

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПРЕНОС НА ПРАВОТО НА РЕГРЕС**

**Член 13**

Осигуреникот е должен да ги преземе сите неопходни мерки, со цел за смалување на штетата и да го обезбеди и сочува регресното право на осигурувачот против трети лица одговорни за штета.

**НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОТ**

**Член 14**

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основниот суд Скопје 2, Скопје.

**ОТКАЗ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**

**Член 15**

Осигурувањето според овие Услови за осигурување, секоја од договорените страни може да го откаже со препорачано писмо и отказен рок од 30 дена.

Овие Услови за осигурување се составен дел на полисата за осигурување на пратки во домашен транспорт и истите му се врачуваат на осигуреникот при издавање на полисата.

**ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ**

**Член 16**

Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување на имот.

**ПРАВО НА ЖАЛБА**

**Член 17**

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето можат да доставаат жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

Бр.02-1297/3-22
10.02.2016 година

Претседател на Управен одбор

Бошко Андов